| | |
|---|---|
| **Име на студиската програма** | докторски студии по кинезиологија |
| **Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје |
| **Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма** | Факултет за физичка култура |
| **Раководител на студиска програма** | проф. д-р Даниела Шукова-Стојмановска |
| **Образовно -научно поле** | кинезиологија |
| **Научна, стручна или уметничка област** | фундаментална кинезиологија<br>применета кинезиологија<br>општествена кинезиологија |
| **Вид на студии** | Академски (III циклус докторски студии) |
| **Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити** | 180 ЕКТС кредити |
| **Научен назив** | Доктор на науки по кинезиологија |
| **Времетраење на студиите, во години** | 3 години |
| **Дескриптори на квалификациите** | општи и специфични |

**Општи дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за студската програма од докторските студии од трет циклус по кинезиологија**

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Демонстрира знаење и разбирање за поврзаноста на моралните вредности и истражувањата во науката.<br>Демострира знаење и разбирање за научните поими, терминологија и методологија во склоп на: научното подрачје (општествени науки-код 5.00).<br>Покажува високо ниво на генеричко и систематско знаење за спроведување на квалитетно научно истражување.<br>Покажува знаење и разбирање за најчесто користените методи на истражување: лонгитудинални и транферзални, проспективни и ретроспективни. |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Врз основа на добиените информации од изворни и квалитетни кинезиолошки истражувања покажува знаење и разбирање за:<br>♥ спроведување истражување во рамките на легислативата и согласно со професионалните стандарди,<br>♥ систематска, методски коректна и креативна примена на самостојни идеи |

| | |
|---|---|
| | и решенија во контекст на истражувачките проблеми.<br>♥ партиципација во решавање на организациски, тимски, кооперативни стручни и истражувачки проекти.<br>♥ организирање истражувања применувајќи постапки насочени кон целна детерминација и концепциска интерференција.<br>♥ примена на мултидисциплинарен и интердисциплинарен приод во истражувањето, користејќи сознанија од сите три научни области во склоп на научното поле кинезиологија. |
| **Способност за проценка** | Покажува способност за проценка и разграничувања:<br>♥ во примената на етички, легални, стручни, истражувачки, организациски постапки и кодекси, на научни теории, методологии и стратегии во научното истражување.<br>♥ на добиените податоци од истражувањата кои ги препознава, поврзува, анализира, оценува, интерпретира и толкува.<br>♥ на изведените заклучоци или мислења, а кои произлегле преку процесите на набљудување и директно учество во сите етапи на истражувачкиот процес.<br>♥ во успешна примена на вештини во рутински и комплексни ситуации, а кои бараат анализа или избор од повеќе можности.<br>♥ во успешното решавање на тековните истражувачки проблеми, нејаснотии, дилеми, стратегии и истовремено утврдување на приоритети при решавање на истражувачки проблеми. |
| **Комуникациски вештини** | Поседува комуникациски вештини кои се согледуваат преку:<br>♥ конструктивно комуницирање и соработка со наставниците, колегите, институциите поврзани со изработка на проектите.<br>♥ ефективно и ефикасно работење како и критичко размислување.<br>♥ владеење со елементите на комуникацијата.<br>♥ разбирање и почитување на различните и спротивстанените организациски, стручни и истражувачки ставови и мислења.<br>♥ прифаќање на истражувачки издржаните различни мислења, предлози, препораки.<br>♥ разбирање, прифаќање и почитување на хиерархиската поставеност на членовите во истражувачкиот тим како и нивните различни улоги, компетенции и одлучувања.<br>♥ демонстрирање разбирање за однесувањето на лицата со кои комуницира, манифестира конструктивна соработка со лица кои поседуваат различен начин на комуникација, ниво на знаење и вредносни системи.<br>♥ почитување на времето, работните права и обврски како и личностниот интегритет на луѓето со кои соработува.<br>♥ користење адекватна професионална комуникација при соработка со сите субјекти кои партиципираат во истражувањето.<br>♥ поседување ендогена активност, а се вклопува и во активности иницирани од членови на истражувачкиот тим.<br>♥ воспоставување мрежа на соработка со домашната и меѓународната заедница како и со општеството во целина.<br>♥ успешно организирање и раководење на тимската истражувачка работа. |
| **Вештини на учење** | Манифестира способност за:<br>♥ слушање, концентрација, меморирање, перманентно и систематско учење.<br>♥ користење на постоечките индивидуални ресурси како и оние од опкружувањето.<br>♥ самостојно препознавање на сопствените истражувачки потреби и |

| | |
|---|---|
| | интереси за докторски студии како и стекнување знаења и учења со висок степен на независност во истражувачки поглед.<br>♥ за перманентно образование (формално и неформално) и профеионален развој.<br>♥ организирање напредни активности за учење, критички ги оценува методите и формите на учење, како и нивната ефективност во усвојувањето на знаењето, вештините, компетентноста и праксата во склоп на научното истражување.<br>♥ документирање на активностите за учење преку создавање на индивидуално портфолио.<br>♥ промовирање во академски и професионални рамки како и во социјалниот, културниот и вредностниот развој на општеството базирано на знаење. |

| **1 б. Специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето од докторските студии од трет циклус по кинезиологија**<br>Квалификациите кои означуваат успешно завршување на трет циклус докторски студии - 180 кредити (ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификации. | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Демострира знаење и разбирање за научните поими, терминологија и методологија во склоп на:<br>научното поле (кинезиологија-код 5.04) и<br>научните области<br>(фундаментална кинезиологија-код 50400,<br>применета кинезиологија-код 50401 и<br>општествена кинезиологија-код 50402).<br><br>Ги знае и разбира постоечките методи на истражување во полето на кинезиологијата и во релевантните научни области.<br>Покажува знаење и разбирање за методолошките техники за валоризирање на податоците добиени со истражувањето на научното поле кинезиологија.<br>Знае и разбира како се спроведува независно истражување во согласност со највисоките современи истражувачки стандарди кои се применуваат во научното поле кинезиологија.<br>Студентот се стекнува со способност за употреба на проширено и продлабочено знаење од научното поле кинезиологија. |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Добиените теоретски знаења и практични вештини ги разбира и квалитетно ги применува во научно – истражувачката работа во научното поле кинезиологија т.е. во начинот на изработка на дисертационен труд: избор, организирање и критички осврт на досегашните истражувања; поставување на предмет, проблем, цели, хипотези; методите на работа: избор на испитаници и показатели, услови и техника на мерењата; очекувани резултати; обработка на податоците, анализирање и интерпретирање.<br>Добиеното знаење и разбирање успешно го применува во изборот и начинот на цитирање на литературата како и во организациските аспекти на истражувањето: календар за работа, избор, обука, оформување на екипа на соработници, финансиска конструкција.<br><br>Врз основа на добиените информации од изворни и квалитетни кинезиолошки истражувања покажува знаење и разбирање за:<br>♥ критичка оценка на постоечките теории во научното поле кинезиологија и обласга на истражување. |

| | |
|---|---|
| | ♥ спроцедување оригинални истражувања кои допринесуваат во развојот на научните знаења во научното поле кинезиологија. |
| **Способност за проценка** | Покажува способност за проценка и разграничувања:<br>♥ за самостојно препознавање на истражувачки проблеми, теми, протоколи научното поле кинезиологија.<br>♥ на комплексни информации, истражувачки проблеми, теми, идеи и концепти во научното поле кинезиологија, а кои се добиени од комплетни, некомплетни или ограничени релевантни податоци.<br>♥ на добиените податоци од истражувањата кои ги препознава, поврзува, анализира, оценува, интерпретира и толкува.<br>♥ на добиените сознанија зависно од применетите методолошки приоди и припадноста на истражуваниот проблем кон постоечки научни теории поставени во научното поле кинезиологија.<br>♥ на нови и комплексни идеи во научното поле кинезиологија, имајќи компетенции за проценка и почитувајќи ги етичките начела. |
| **Комуникациски вештини** | Поседува комуникациски вештини кои се согледуваат преку:<br>♥ соработува со екипата на соработници, одредува и организира работни задачи и распоред на работата, води детална работна документација.<br>♥ демонстрира вештини како да биде член на истражувачки тим и како да раководи со истражувачкиот тим во сите нивои на изработка на докторска дисертација.<br>♥ слободно изразување на своите истражувачки мислења и ставови кои припаѓаат во научното поле кинезиологија.<br>♥ способност за учество во истражувачки собири (конгреси, симпозиуми, семинари) од научното поле кинезиологија.<br>♥ способност да дискутира за отритијата и резултати од научното поле кинезиологија со своите колеги и да ги презентира на пошироката академска и неакадемска заедница.<br>♥ воспоставување мрежа на соработка со колегите, а во рамките на својата област на експертиза.<br>♥ преставување на оригинални истражувања во национални и интернационални рецензирани публикации и оценки дадени од страна на квалификувани стручњаци во научното поле кинезиологија.<br>♥ способност да покренува и учествува во национални и интернационални мрежи и настани во научното поле кинезиологија (конгреси, симпозиуми) самостојно и со истражувачки интегритет. |
| **Вештини на учење** | Манифестира способност за:<br>♥ аргументирано елаборирање во концизна и/или детална форма од научното поле кинезиологија.<br>♥ критичка оценка на идеите, проблемите и нивните решенија во склоп на научното поле кинезиологија.<br>♥ конструирање стратегии и модели на истражувачка поставеност во склоп на научното поле кинезиологија.<br>♥ создава стратегија, планови и програми за личен интелектуален развој во склоп на научното поле кинезиологија.<br>♥ иницирање, организирање и спроведување истражувачки и развојни проекти кои ќе генерираат нови приоди, знаења и вештини за развој на научното поле кинезиологија. |
| **Лице за контакт** | **проф. д-р Даниела Шукова-Стојмановска**<br>**d.sukova-stojmanovska@ffk.ukim.edu.mk** |